**20203004129**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за приватно обезбедување,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 16 декември 2020 година.

Бр. 08-4537/1
16 декември 2020 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Стево Пендаровски,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Северна Македонија,
м-р **Talat Xhaferi,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРИВАТНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ број 166/12, 164/13, 148/15, 193/15 и 55/16), во член 72 во ставот (1) воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микро трговци; од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:“.

Во ставот (2) зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „15 до 500 евра во денарска противвредност“.

Член 2

Во член 73 во ставот (1) воведната реченица се менува и гласи:

„Глоба во износ од 50 до 1.000 евра во денарска противвредност – за микро трговци; од 50 до 2.000 евра во денарска противвредност – за мали трговци; од 250 до 6.000 евра во денарска противвредност – за средни трговци и од 250 до 10.000 евра во денарска противвредност – за големи трговци, ќе му се изрече за прекршок на правно лице, ако:“.

Во ставот (2) зборовите: „три години“ се заменуваат со зборовите: „две години“.

Во ставот (3) зборовите: „30% од одмерената глоба за правното лице“ се заменуваат со зборовите: „15 до 500 евра во денарска противвредност“.

Член 3

Во членот 73-а зборовите: „100 до 200 евра“ се заменуваат со зборовите: „15 до 250 евра“.

Член 4

Во член 75 во ставот (1) зборовите: „600 до 700 евра“ се заменуваат со зборовите: „15 до 250 евра“.

Член 5

Во член 76 во ставот (1) зборовите: „900 до 1.000 евра“ се заменуваат со зборовите: „15 до 250 евра“.

Член 6

Во Законот за изменување и дополнување на Законот за приватно обезбедување („Службен весник на Република Македонија“ број 55/16), членот 4 се менува и гласи:

„По членот 76-б се додава нов член 76-в, кој гласи:

„Член 76-в

(1) Глоба во износ од 15 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од Министерството за внатрешни работи ако не ги побара доказите и податоците по службена должност во рокот утврден во членовите 13 став (4) и 14 став (2) од овој закон.

(2) Глоба во износ од 15 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган од кој се побарани доказите и податоците ако не ги достави бараните докази и податоци во рокот утврден во членовите 13 став (5) и 14 став (3) од овој закон.

(3) Глоба во износ од 15 до 100 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од Министерството за внатрешни работи ако не одлучи по барањето за издавање на дозвола во рокот утврден во членот 16 од овој закон.“

Член 7

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 8

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.